# ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ОПШТИНА ТЕТОВО

# 2011-2015

**Тетово, Р. Македонија**

**Ноември, 2010**

## Содржина

1. **Листа на кратенки.....................................................................................2**
2. **Вовед......................................................................................................3**
3. **Анализа на состојба.....................................................................................5**

   *3.1. Култура и спорт.........................................................................................5*

   *3.2. Невработеност..........................................................................................7*

   *3.3. Младинско информирање...............................................................................10*

   *3.4. Младински акитвизам и иницијативи.................................................................10*

   *3.5. Младинско учество......................................................................................11*

   *3.6. Волонтерство............................................................................................12*
4. **Краток преглед..........................................................................................13**
5. **Цел на стратегијата.....................................................................................14**
6. **Приоритети...............................................................................................14**

   *6.1. Приоритет Култура и спорт............................................................................14*

   *6.2. Приоритет  Невработеност.............................................................................15*

   *6.3. Приоритет  Младинско информирање..................................................................16*

   *6.4. Приоритет Младински акитвизам и иницијативи......................................................17*

   *6.5. Приоритет Младинско учество..........................................................................18*

   *6.6. Приоритет Волонтерство...............................................................................18*
7. **Акционен план...........................................................................................20**
8. **Процес на мониторинг и евалуација.....................................................................26**
9. **Листа на членови на координативно тело и работна група....................27**

## 1. Листа на кратенки

**СЕГА** – Коалиција на младински организации СЕГА

**РМ** – Република Македонија

**SDC** - Swiss Agency for Development and Cooperation (Швајцарска Агенција за развој и соработка)

**ЛМС** – Локална Младинска Стратегија

**АП** – Акционен план

**ИРЗ** – Институт за развој на заедницата

**КТ** – Координативно тело

**РГ** – Работна Група

**НВО** – Невладина организација

**ЛЕР** – Локален Економски Развој

**АМС** – Агенција за Млади и Спорт

**НСМ** – Национална стратегија за млади

**ИПА** – Instrument for pre-ascension assistance (Инструмент за предпрестапан помош)

**CV** - Curriculum vitae (Стручна биографија)

**ЕЛС** – Единици на Локална самоуправа

**МИЦ** – Младински информативен центар

**АВ** – Агенција за вработување

**ЈПССДП** – Јавно претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор

## 2. Вовед

Коалицијата на младински организации СЕГА е невладина и непрофитна мрежна организација која работи на развивање и примена на младински политики во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

Во периодот од  Јануари до Ноември 2010 Коалиција СЕГА започна да го имплементира проектот “Креирање локални Младински Стратегии”. Проектот е финансиран од Агенцијата за Млади и Спорт, програмата CIVICA MOBILITAS (спроведувана од Центарот за Институционален Развој и е финансирана од SDC) и 10 општини од Република Македонија (Прилеп, Штип, Свети Николе, Радовиш, Битола, Кавадарци, Гевгелија, Кисела Вода, Илинден и Тетово). Целта на овој проект е креирање на 5 годишна ЛМС за Општина Тетово и 1 годишен АП за првата година од импелментацијата на стратегијата.

Здружението Институт за Развој на Заедницата  (ИРЗ) од Тетово како членка на Коалиција СЕГА беше носител на активностите во процесот на креирање на ЛМС во Општина Тетово. Процесот на креирање на ЛМС се одвиваше низ 4 фази на активности и тоа:

**Фаза I:** Формирање на работни тела за креирање на ЛМС

Со цел успешно имплементирање на проектните активности во рамките на проектот Креирање на Локални Младински Стратегии беа креирани две работни тела: Координативно Тело и Работна група за креирање на стратегијата.

Координативното тело беше составено од 5 членови (Локалниот Координатор на проектот за креирање на ЛМС, Член на Советот на Општина Тетово, член на општинската администрација и два претставници од НВОи). Координативното тело беше задолжено да ги координира и да ги насочува активностите во рамките проектот за Креирање на ЛМС. Членовите на КТ имаа две средби во периодот на спроведување на проектот, на првиот состанок КТ ја разгледа драфт верзијата на ЛМС и ги даде своите коментари со цел подобрување на квалитетот на стратегијата. На втората средба на КТ му беше претставена финалната верзија на ЛМС и на АП кои што по нивното усвојување беа испратени до Советот на Општина Тетово за усвојување.

Работна група е работно тело одговорно за практично изготвување на Локалната Младинска Стратегија (ЛМС). Работната група беше составена од повеќе млади луѓе од различни профили: претставници на  Локална Самоуправа, претставници од младински НВОи, средношколци и студенти.

**Фаза II:** Истражување и креирање на анализа на ставови на младите во Општина Тетово по однос на младинските потреби

Со цел успешно адресирање на младинските потреби во Општина Тетово а при недостиг на соодветни и релевантни податоци за потребите на младите во Општина Тетово во рамките на проектот “Креирање на локални младински стратегии” беше организиран процес на истражување на младинските потреби на локално ниво.

На почетоток од процесот на истражување беше организирана фокус група која што за цел имаше утврдување на приоритетите на младите луѓе од Општина Тетово. На оваа фокус група од страна на учесниците како три најважни приоритети беа потенцирани:

- Недостаток на културни и спортски објекти
- Невработеност
- Неинформираност и незаинтересираност

Следствено на оваа прва фокус група беше спроведено теренско истражување на 1035 испитаници на територијата на цела Република Македонија, односно 154 испитаници од територијата на Општина Тетово. Целта на ова истражување беше да се опфати поголема целна група, репрезентатитвен примерок, и со тоа подлабоко да се истражат потребите на младите кои живеат во Општина Тетово. Прибраните податоци преку теренското истражување понатамо служеа како основа за изготвување на анализа за потребите на младите од Општина Тетово.

Со цел добивање на дополнително појаснување на дел од резултатите добиени од теренското истражување беше организирана втора фокус група. Целта на втората фокус група беше дополнително потврдување на приоритетите на младите од Општина Тетово.

За да се претстави перспективата на локалната самоуправа и на институциите кои функционираат на локално ниво, како и да се опфатат и активностите поврзани со младите кои што овие институции ги спроведуваат во рамките на локалната заедница, се реализираа интервјуа со релевантни претставници на овие институции (ЛЕР, Сектор за Јавни дејности-Одделение за образование и култура, член на Совет на Општина Тетово).

Врз основа на прибраните податоци преку фокус групите, теренското истражување и интервјуата, група од експерти изготви: "Анализа на ставовите на младите во Општина Тетово по однос на младинските потреби" и истата ја испрати до партнерите во проектот (Општина Тетово, АМС, НВОи).

**Фаза III:** Креирање на ЛМС

Врз основа на наодите од "Анализата на ставовите на младите во Општина Тетово по однос на младинските потреби" работната група започна да ја пишува ЛМС со сите нејзини составни делови (цели, специфични цели и стратегии). Во оваа фаза работната група одржа 4 состаноци на кои што ја приготви ЛМС и истата ја даде на разгледување и усвојување кај КТ.

**Фаза IV:** Креирање на АП

Следна фаза по изготвувањето на ЛМС беше изготвување на АП за првата година од имплементацијата на стратегијата. Во фазата на приготвување на АП беа одржани 3 состаноци на работната група на кои членовите работеа на припрема на активностите кои што би требало да се реализираат во првата година од имплементацијата на ЛМС. Со завршувањето на АП беше комплетиран целиот документ и како таков беше приложен до КТ да го разгледа, да даде свое мислење и коментари за истиот и на крајот да го усвои по што овој документ беше доставен до Советот на Општинта Тетово на разгледување и усвојување.

## 3. Анализа на состојба

Врз основа на прибраните податоци преку фокус групите, теренското истражување и интервјуата, група од експерти изготви: “Анализа на ставовите на младите во Општина Тетово по однос на младинските потреби”, овие се наодите од анализата за секоја од шестте приоритетни области (три приоритети кои ги определија младите од Општина Тетово и три општи приоритети базирани на НСМ):

### *3.1 Култура и спорт*

Скоро половина (46%) од младите луѓе во Тетово, своето слободно време најчесто го поминуваат со друштво по кафулиња и гледање телевизија. Спортските активности со 27% се втората опција со која младите го пополнуваат своето слободно време, додека 10% изјавиле дека во слободното време се занимаваат со културни активности. Само 8% од младите своето слободно време го поминуваат во ангажман во НВОи. Скоро подеднаков број на девојки и момчиња го поминуваат слободното време во кафулиња и во гледање на телевизија, додека машките многу почесто своето слободно време го поминуваат во спортски и културни активности.

Мислењето на младите е поделено во однос на тоа дали постојат доволен број на културни и спортски објекти во градот. Според 55% од испитаниците на Тетово му недостигаат културни и спортски објекти, додека 43% мислат дека ги има доволно. Дискусијата на фокус групата за потврда на наодите од анкетата покажа дека градот располага со солиден број на културни и спортски објекти, но тие или се во приватна сопственост или пак се во многу лоша состојба. Испитаниците кои сметаат дека нема доволно објекти, набројале дека на Тетово му недостигаат кино, театар, спортски сали, базен. Од одговорите на пршањето за видовите на културни и спортски објекти во градот се гледа дека не сите млади се доволно информирани за тоа какви се објекти има во Тетово. Фокус групата за потврдување на наодите излистала поголем број на објекти кои се користат за културни и спортски активности, но заради големината на градот тешко е да се дојде на ред за да се користат.

Имајќи вакво видување за културата и културниот живот, скоро половина од младите (49%) во Тетово воопшто не се задоволни од понудата на културни содржини во нивниот град, додека 42% се делумно задоволни. Од етничка гледна точка најзадоволни од понудата се припадниците на албанската етничка група.

Според 53% од испитаниците, младите во Тетово не се во можност да ги посетуваат објектите затоа што не работат, додека 23% истакнале дека можат да ги посетуваат културните објекти кога ќе посакаат. Ист процент на млади (23%) сметаат дека во Тетово не

постојат културни објекти. Поголем проблем од посетата на културните објекти е заинтересираноста т.е. незаинтересираноста на младите луѓе да го подобрат сопствениот културен живот. Дури 80% од испитаниците сметаат дека младите или се делумно заинтересирани или воопшто не се заинтересирани да си го подобрат сопствениот културен живот.

Еден од факторите кои за незаинтересираноста на младите дискутиран на фокус групата за потврда на наодите се и високите цени на билетите посета на културни содржини. Наодите од анкетата покажуваат дека 34% од испитаниците сметаат дека младите немаат пари да посетуваат културни содржини. Најголемиот број од испитаниците (40%) не знаат дали младите имаат пари за посета на културни содржини, што може да биде уште еден показател за незаинтересираноста на младите дури и да имаат став по одредено прашање. Според фокус групата, слабиот квалитет на понудените културни содржини и слабиот систем за информирање на младите се дополнителни фактори за незаинтересираноста на младите.

Незинтересираноста на младите може да биде и последица на немањето можност да се вклучуваат во креирањето на културата и да ги реализираат своите креативни идеи. Според анкетата, 26% од испитаниците сметаат дека најголема можност за изразување и исполнување на креативните идеи им даваат социјалните мрежи. За 19% од младите образовните институции се местата каде можат да ги изразат своите креативни идеи, додека за 16% од испитаниците тоа се НВОи.

Исто така 53% од испитаниците сметаат дека училиштата треба да им овозможат на младите континуирано изразување на креативните идеи преку поттикнување на креативниот дух кај младите преку организирање настани за размена на идеите во училиштето, помеѓу училиштата и пошироко. Половина помалку од испитаниците (27%) смета пак дека училиштето треба да го поттикнува изразувањето на креативните идеи кај младите преку организирање заеднички манифестации со други институции во општината па и од други општини. Според 21% од младите, најчест организатор на културните манифестации во Битола се културните институции. По нив следуваат НВОи и училиштата. Само 10% од испитаниците сметаат дека локалната самоуправа е организатор на културни манифестации. Во својот буџет општина Тетово предвидела 4.750.000 денари за активности во областа на културата.

Локалната самоуправа треба и да ги направи подостапни културните манифестации на младите луѓе преку бесплатни влезници или попуст на цената за младите според 43% од испитаниците. Но многу поважно е според 49% од анкетираните, локалната самоуправа да поттикни организирање на културни манифестации бидејќи ги нема. Фокус групата за

потврда на наодите смета дека општината треба да креира политики по мерка на младите и да ја земе во предвид нивната состојба, како и да доделува средства за поддршка на културни иницијативи според нивниот квалитет.

Исто како што младите не се задоволни од состојбата во која се наоѓаат културните и спортските објекти, така 64% од испитаниците сметаат дека треба да се подобрат условите за занимавање со спорт во нивната општина. За разлика од културните објекти кои младите во најголем дел сметаат дека не можат да ги посетуваат бидејќи не постојат, спортските објекти се достапни за сите е мислењето на 34%. Ист толкав процент сметаат дека можат да ги посетуваат кога сакаат, само ако активно се занимаваат со спорт.

Сепак, пристапноста до спортските објекти не значи и заинтересираност на младите. Дури 67% од испитаниците сметаат дека младите делумно се заинтересирани да се занимаваат со спорт. На прашањето кој треба да ги поттикнува младите за да се занимаваат со спорт, 36% од анкетираните сметаат дека спортските клубови треба преку кампањи да ги поттикнуваат младите да се занимаваат со спорт, бидејќи тие се и најчести организатори на спортски активности. Следуваат самите млади и училиштата. Надлежните институции според 34% од младите треба да формираат спортски клубови, а 30% сметаат дека треба да се координираат за да ги подобрат условите за занимавање со спорт.

Од друга страна, локалната самоуправа според 37% од младите треба финансиски да ги поддржува спортските клубови, додека 27% сметаат дека локалната самоуправа треба да ги реновира и одржува постоечките спортски објект. Според претставникот на локалната самоуправа тие се сопственици само на спортските сали во училиштата и тоа се единствените објекти кои општината може да ги реновира.

### *3.2 Невработеност*

Од 154 испитаници вклучени во анкетата, 28 млади луѓе или 18% се невработени. Дваесет и четири од нив безуспешно бараат работа, додека четири не бараат работа. Меѓу невработените има еден магистер. 44 од испитаниците се вработени, додека останатите се ученици или студенти. Најголем број од вработените се на возраст од 25-29 години.

Кога би имале можност да бираат што да работат 48% од испитаниците сакаат да имаат сопствен бизнис, додека 29% сакаат да работат во државна институција. Припадниците на албанската етничка група се најголеми ентузијасти да имаат сопствен бизнис. Исто така испитаниците од машки пол се повеќе заинтересирани од девојките за сопствен бизнис, бидејќи девојките преферираат да работат во државна институција. Во однос на типот на работа кој би го обавувале, 55% од младите преферираат постојана работа, додека 16% би

сакале да имаат работа на проекти. Младите на возраст до 15-19 години се најмногу заинтересирани за работа на проекти, но и за сезонска работа. Ваквиот избор е многу разбирлив од причина што оваа возрасна група е активно вклучена во образовниот процес и би сакале да работат во периодите кога не се на училиште или во нивното слободно време, па затоа им одговара работата на проекти.

Подеднакво заслужни за невработеноста на младите луѓе во Тетово според испитаниците се отсуството на локална политика за економски развој (поттикнување на инвестиции и отворање на мали и средни бизниси) и неангажираноста на Агенцијата за вработување. За 18% од анкетираните незинтересираноста на младите луѓе за вработување е причина што се невработени. Според Советникот за економски развој во локалната самоуправа, општинската администрација т.е. канцеларијата за локален економски развој има стратегија за одржлив развој која опфаќа повеќе сегменти и токму во делот на социјална заштита има предвидено повеќе активности за зголемување на бројот на вработени млади луѓе. Според фокус групата, потребите на младите за да се стекнат со вработување не се добро адресирани во стратегијата на општината т.е. недостасуваат одредени елементи.

Роднините и пријателите се најчестиот извор на младите за можности за вработување (31%), по што следуваат огласите во весниците. Од агенцијата за вработување информации за вработување бараат само 12% од испитаниците и тоа машките се во многу поголем број Дури 80% од испитаниците сметаат дека квалификациите не се пресудни за да се добие работа. Многу поважно е да си член на политичка партија (46%), или да имаш роднински и пријателски врски (27%), па и да платиш поткуп (7%). Младите на возраст 15-19 години се најбројни во размислувањата дека квалификациите се пресудни за добивање на работно место.

Иако квалификациите не се најважниот фактор за да се најде работа во моментот во општината, испитаниците сметаат дека Агенцијата за вработување и општината (36%) подеднакво треба да се главни носители на активностите за зголемување на вработеноста во Тетово. Останатите фактори како што се локалните бизниси и младите луѓе во помала мера според анкетираните треба да бидат носители на активности за зголемување на вработеноста.

Испитаниците кои ја избрале Агенцијата за вработување како главен носител на активностите за зголемување на вработеноста во Тетово тоа го направиле затоа што основната функција на оваа институција е да посредува при вработување и има евиденција на невработените лица. Сепак многу мал дел од оние кои бараат работа ја посетиле

Агенцијата во изминатите дванаесет месеци повеќе од пет пати – 12%. Ист толкав процент ја посетиле помалку од пет пати додека 44% воопшто не ја посетиле.

Според Советникот за економски развој во локалната самоуправа, општината во моментот аплицира за фондови од ИПА со која ќе формира туристички информативен центар и каде планира да вработи млади луѓе. Исто така во тек е подготовка и на други проекти преку кои ќе се вработуваат млади луѓе од општината. Сепак, дури 46% од анкетираните не знаат што прави општината за да го поттикне вработувањето во Тетово. Само 11% сметаат дека нешто воопшто превзема општината на ова поле. 42% велат дека општината не прави ништо.

Според 46% од анкетираните, општината треба максимално да се застапува училиштата да вклучуваат струки кои се потребни на пазарот на трудот, а кои ќе произлезат од испитувања на потребите на пазарот на трудот кои треба да ги спроведе општината. Исто така локалната самоуправа треба максимално да се ангажира да го помага самовработувањето преку воведување субвенции и даночни олеснувања, како и да подготвува локални стратегии за вработување на младите луѓе. Според фокус групата, општината треба да воспостави кариерни центри, бизнис инкубатори преку кои младите полесно би можеле да најдат работа и да го поттикнува и овозможува практикување на волонтерството.

Доквалификацијата е битен елемент на активностите за зголемување на вработеноста, бидејќи според 66% од испитаниците младите кои излегуваат од образовните институции се делумно подготвени да се вклучат на пазарот на работна сила. Само 19% од анкетираните сметаат дека младите се сосема подготвени кога ќе излезат од образовните институции да се вклучат во пазарот на работна сила и сите освен еден се од албанската етничка група. Според претставникот на локалната самоуправа младите треба континуирано да ги надоградуваат своите вештини и знаења кои до одреден степен ги стекнале во текот на образованието. Фокус групата смета дека на младите им недостига практична настава и затоа недоволно се конкурентни, а потребна им е дополнителна едукација како волонтирање од страна на младите за да стекнат повеќе искуство.

Една од причините за делумната подготвеност на младите да се вклучат во пазарот на труд е и недоволната соработка помеѓу образовните институции и претпријатијата. Ова е мислење на 37% од испитаниците, додека 27% од младите немаат информација дали воопшто постои соработка помеѓу овие актери.

Улогата на НВОи според 62% од анкетираните во зголемувањето на вработеноста е што понекогаш организациите спроведуваат активности кои го поттикнуваат вработувањето, додека за 23% од младите луѓе НВОи воопшто не спроведуваат такви иницијативи. Според

Советникот за економски развој, општината на ова поле досега не соработувала со ниту една НВО од општината.

За 41% од младите, НВОи треба да ги информираат младите за можностите за изведување практична работа кај одредени работодавачи, додека 34% од испитаниците сметаат дека НВОи треба да организираат едукативни работилници за подготовка на апликации за вработување, како и подготовка за интервјуа.

### *3.3 Младинско информирање*

58% од испитаниците сметаат дека младите делумно се информирани за работите кои ги засегат лично нив. При тоа како главна причина за делумната информираност за 37% од испитаниците е незаинтересираноста на локалните институции да ги информираат младите луѓе. Од друга страна пак, 53% од испитаниците навеле дека младите се ангажират само понекогаш за да ја добијат информацијата која навистина им треба што зборува и за ниско ниво на нивна заинтересираност да бидат информирани. Останати 31% од испитаниците сметаат дека информациите до младите се пренесуваат преку погрешни канали.

По однос на постоечките институции кои можат да придонесат за младинското информирање, во Тетово најмногу има младински НВОи. Во Тетово не постои младински информативен центар. Младите луѓе сметаат дека за подобро да се информираат тие самите треба да бидат позаинтересирани за информациите кои им се потребни. На прашањето што може локалната самоуправа да стори за да го подобри информирањето на младите, 41% од испитаниците сметаат дека треба да воспостави младински информативен центар. Исто така, на прашањето што можат НВОи да сторат за да го подобрат информирањето на младите, 45% од испитаниците сметаат дека НВОите треба да организираат едукација за младите како ефикасно да се информираат, додека 34% мислат дека НВОи треба да користат повеќе различни начини за информирање.

И фокус групата смета дека надлежните институции пред се локалната самоуправа треба подобро да ги информира младите, но во исто време и да ги мотивира младите поактивно да бараат информации кои нив ги засегаат а тоа може да се направи доколку се формира младински информативен центар.

### *3.4 Младински активизам и иницијативи*

И покрај постоењето на голем број младински НВОи во Тетово, 63 % од младите сметаат дека има малку младински иницијативи. Паралелно со малиот број младински иницијативи, 67% од испитаниците изјавиле дека младите многу ретко се залагаат за решавање на

младинските проблеми. Според 16% од испитаниците најиницијативни се младите на возраст од 21-25 години а најмалку иницијативни се младите од 11-15 години. Трите клучни причини за отсуството на иницијативност кај младите според испитаниците се немање финансии за реализација на нивните идеи, мал број места и можности да ги реализираат своите идеи и слабата информираност.

88% од младите не учествувале во реализација на младинска иницијатива, а според 37% од испитаниците најчесто младинските НВО и покренуваат младински иницијативи. Овој наод кореспондира со наодот дека младинските НВОи заедно со училиштата водат најмногу грижа за младинските потреби.

Според возраста, на младите на возраст од 15-19 години најмногу им требаат можности за изразување на нивните идеи, а на младите на возраст од 25-29 години им треба добро работно место.

49% од младите не се информирани дали се одвојуваат доволно средства за реализација на младински идеи, а 46% сметаат дека не се одвојуваат доволно средства. За 38% од младите потребно е да се подобри младинското информирање за да се зголеми иницијативноста кај младите, додека 36% сметаат дека потребни се повеќе финансии за да се зголеми иницијативноста кај младите.

***3.5 Младинско учество***

Поделени се мислењата на младите за тоа дали и како младите се вклучени во донесувањето одлуки во локалните институции. Имено, по 32% од испитаниците не знаат дали младите се вклучени во донесувањето на одлуки во локалните институции што само го потврдува наодот за ниската информираност на младите за прашања кои ги засегаат. Според 31% од испитаниците младите не се застапени во институциите и не се вклучени во донесувањето одлуки, додека 29% сметаат дека младите се застапени во институциите, но не се вклучени во донесување одлуки. Причина за ваквите поделени мислења може да биде недоволна доверба кај возрасните за да ги вклучат во донесувањето на одлуки, но и неинформираност на младите за тоа дали постојат младински тела преку кои младите учествуваат во донесувањето одлуки. 68% изјавиле дека не се информирани дали постојат такви тела. Исто така 97% не биле никогаш вклучени во донесување на некоја одлука на локално ниво. Според информациите од фокус групата младите се вклучени во општинската администрација. Од друга страна младите сметаат дека нивното учество е најпотребно заради да можат да дадат младински поглед на нештата и да напредуваат во кариерата.

Иако една од клучните причини за невклученост на младите во институциите и во донесувањето одлуки според испитаниците е немањето доверба кај возрасните да ги вклучат младите, 42% всушност не знаат дали возрасните имаат доверба во младите, а 40% од испитаниците навеле дека возрасните немаат доверба да ги вклучат младите во донесувањето одлуки.

На прашањето каде е најбитна и најпотребна вклученоста на младите, подеднакво во 31% сметаат дека е тоа е во другите локални институции надвор од општинската администрација и на училиште.

42% од испитаниците сметаат дека на младите им е потребна едукација за младинско учество бидејќи многу малку знаат за учеството. Други 34% сметаат дека можеби им е потребна бидејќи секогаш има нешто ново да се научи. Односно, 76% укажуваат на потребата од едукација за младинско учество. По однос на едукацијата на возрасните 45% сметаат дека е потребна едукација бидејќи возрасните многу малку знаат за учеството, додека 37% не знаат дали им треба едукација.

31% од испитаниците сметаат дека младите би требало да се организираат и да побараат поголема вклученост, додека 25% сметаат дека младите треба да покренуваат иницијативи и да бараат транспарентност и одговорност од институциите. Од ова е евидентно дека за младите е поважно да обезбедат учество директно во одлучувањето одколку индиректно да влијаат на одлуките.

Според фокус групата младите треба да протестираат за своите права преку НВОи или подмладоците на политичките партии, но најдобро е ако тоа го прават преку форма која што е независна од било какви влијанија како што е младински совет.

### *3.6 Волонтерство*

Во Тетово, 74% од испитаниците не волонтирале никогаш претходно. Од оние кои имаат искуство во волонтирање најбројни се младите на возраст од 20–24 години. Истовремено, младите имаат позитивна перцепција за волонтерството и 76% изјавиле дека во некаква форма го поддржуваат и сметаат дека е корисно. Сепак перцепцијата на младите е дека понекогаш или многу ретко младите волонтираат со што се потврдува наодот дека само 26% од младите имаат искуство од волонтирање.

Со цел да се мотивираат младите повеќе да волонтираат 36% од испитаниците сметаат дека е потребна дополнителна едукација на младите за предностите од волонтерството. Како институција која најмногу го поддржува волонтерство се наведуваат НВОите за кои се изјасниле 46% од испитаниците. Сите други институции во многу заостануваат за да ја добијат карактеристиката на поддржувачи на волонтерството, вклучувајќи ги и училиштата.

Огромен број на млади не знаат дали општината има некаков план или стратегија за поттикнување на волонтерството. Според фокус групата потребно е институциите да го поддржуваат волонтерството со точно утврдени критериуми за тоа што ќе работат волонтерите.

Испитаниците имаат поделени мислења помеѓу две опции во што најмногу може да придонесе волонтерството. Односно 38% сметаат дека придонесува за подобра подготовка на работното место, додека 28% дека придонесува за јакнење на вештините.[1]

## 4. Краток преглед

Коалицијата на младински организации СЕГА е невладина и непрофитна мрежна организација која работи на развивање и примена на младински политики во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

Во периодот од  Јануари до Ноември 2010 Коалиција СЕГА започна да го имплементира проектот "Креирање локални Младински Стратегии". Проектот е финансиран од Агенцијата за Млади и Спорт, програмата CIVICA MOBILITAS (спроведувана од Центарот за Институционален Развој и е финансирана од SDC) и 10 општини од Република Македонија (Прилеп, Штип, Свети Николе, Радовиш, Битола, Кавадарци, Гевгелија, Кисела Вода, Илинден и Тетово). Целта на овој проект е креирање на 5 годишна ЛМС за Општина Тетово и 1 годишен АП за првата година од импелментацијата на стратегијата.
Целта на ваквата ЛМС е подобрување на квалитетот на живот и животниот стандард на младите луѓе од Општина Тетово преку нивно активно вклучување во процесите на локално ниво.
Статегијата се состои од два клучни дела: пет годишна стратегија и едно годишен акционен план. Двата документи во себе содржат активности поврзани со подобрување на животот на младите во шестте приоритетни области кои што самите млади ги определија како свои приоритети. Со стратегијата се опфатени следниве области:

- Култута и спорт
- Невработеност
- Младинско информирање
- Младински активизам и иницијативи
- Младинско учество
- Волонтерство

За секоја од приоритетните области во стратегијата е определена целта на конкретната приоритетна област (што сакаме да постигнеме во таа област), специфичните цели за приоритетната област (што сакаме да постигнеме за да стигнеме до главната цел) и

[1] Марковска Спасеновска, Елизабета и Нашоковска, Марија. "Ставовите на младите во општина Тетово по однос на младинските потреби". Скопје: Коалиција на младински организации СЕГА, Јули 2010, стр. 9

стратегии за постигнување на специфичните цели (на кој начин ќе ги оствариме специфичните цели). Во АП се прикажани конкретните активности кои што треба да се преземат во делот на приоритетните области во првата година од имплементацијата на ЛМС што за цел има остварување на целите предвидени со стратегијата.

Целата стратегија, акциониот план како и анализите на потреби се изготвени врз база повеќемесечно опсежно истражување во кое беа користени различни методи на прибирање на податоци (фокус групи, теренски истражувања, интервјуа итн...) и беа опфатени сите групи кои што се релевантни за ЛМС и кои што имаат интерес од ЛМС (млади со различна етничка и релиозна припадност, различни профили на млади, на различна возраст, локални институции итн...) се со цел она што е напишано во стратегијата да ги отсликува реалните потреби на младите од Општина Тетово.

## 5. Цел на стратегијата

Целта на ЛМС е: Подобрување на општата состојба на младите луѓе во Општина Тетово.

## 6. Приоритети

## Приоритет 6.1

**Култура и спорт**

**Цел на приоритетот:** Подигнување на свеста кај младите за значењето на културните вредности и спортската едукација.

**Специфична цел 1:**

- Зголемување на достапноста на културните и спортските објекти за младите луѓе

**Стретегии**:

- Изградба на нови и реновирање на постоечките културни и спортски објекти во општина Тетово
- Рационализација на користењето на веќе постоечките културни и спортски капацитети

**Специфична цел 2:**

- Поттикнување на младите таленти да се занимаваат со култура и спорт

**Стретегии:**

- Стипендирање на млади талентирани спортисти и уметници од општина Тетово

**Специфична цел 3:**

- Вклучување на младите преку младинските облици на организирање во процесите на планирање на годишните програми на ЕЛС

**Стратегии:**

- Консултација на младите и нивните претставници во процесите на планирање на годишните програми за областите култура и спорт на локално ниво

**Специфична цел 4:**

- Зголемена поддршка за младинските иницијативи во полето на спортот и културата

**Стратегии:**

- Креирање на фонд за поддршка на младински активности во рамките на општината од областа на култура и спорт
- Обезбедување на институционална поддршка од страна на општина Тетово на процесот на здружување на младите во здруженија од областа на култура и спорт.

## Приоритет 6.2

**Невработеност**

**Цел на приоритетот:** Креирање на индивидуална сигурност и независност на младите со зголемување на вработеноста.

**Специфична цел 1:**

- Зголемување на информираноста на младите за можностите за самовработување

**Стратегии:**

- Организирање на информативни и едукативни настани за можностите за самовработување кои што се нудат на младите

**Специфична цел 2:**

- Зголемување на транспарентноста при вработувањето на локално ниво

**Стратегии:**

- Креирање на транспарентни начини и процедури за вработување на младите на локално ниво

**Специфична цел 3:**

- Усогласување на потребите и побарувачката од работна сила на локално ниво

**Стратегии:**

- Креирање на годишни анализи за потребите од кадри на локално ниво
- Поттикнување на едукација на кадри кои што се дефицитарни во општината

**Специфична цел 4:**

- Зголемување на соработката помеѓу стручните училишта и високо образовните институции со бизнис секторот

**Стратегии:**

- Формирање на кариерни центри во образовните институции кои во соработката со бизнис заедницата ќе им овозможат зголемувања на практичното знаење на младите луѓе

**Специфична цел 5:**

- Зголемување на можностите за вработување преку обезбедување на неформално образование

**Стратегии:**

- Соработка на општината со НВО секторот во делот на обезбедување на неформално образование

## Приоритет 6.3

### Младинско информирање

**Цел на приоритетот:** Зголемување на достапноста на информациите за можностите на кои младите можат да дејствуваат/влијаат во својата околина и општеството

**Специфична цел 1:**

- Креирање на механизми за младинско информирање

**Стратегии**

- Воспоставување Младински информативен центар
- Воспоставување на активна соработка помеѓу локалната власт, централната власт и невладиниот сектор со цел отварање на МИЦ

- Воспоставување на соработка со бизнис заедницата, странски донатори како и други финансиски институции со цел обезбедување на финансиска поддршка за отварање на МИЦ

**Специфична цел 2:**

- Креирање на бесплатен простор кој младите би можеле да го користат за свое информирање/огласување

**Стратегии**

- Воспоставување на соработка помеѓу младински НВО, ЕЛС и бизнис заедницата со цел обезбедување на бесплатен простор за информирање/огласување на младите

## Приоритет 6.4

**Младински активизам и иницијативи**

**Цел на приоритетот:** Намалување на незаинтересираноста кај младите и поттикнување на нивната самоиницијативност.

**Специфична цел 1:**

- Зголемување на свеста кај младите за потребата од младинскиот активизам и инцијативи

**Стратегии:**

- Организирање на информативни работилници и семинари за можностите за младински активизам и иницијативи

**Специфична цел 2:**

- Обезбедување на можности за независни младински иницијативи

**Стратегии:**

- Креирање на фондови кои што младите ќе можат да ги користат за своите активности и иницијативи
- Поттикнување на соработка на младинските организации со останатите младински групи на интерес со цел лоцирање на проблемите на младите и предлагање на можности за нивно решавање

**Специфична цел 3:**

- Укажување на младите за можностите за давање на младински придонес во општеството преку активизам и иницијативи

**Стратегии:**

- Зголемување на младинската мотивацијата преку претставување на млади луѓе кои успеале да постигнат важни достигнувања

## Приоритет 6.5

**Младинско учество**

**Цел на приоритетот:** Поголема вклученост на младите во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки на локално ниво, за прашања кои директно и индиректно ги засегаат младите.

**Специфична цел 1:**

- Зголемено знаење и свест кај младите луѓе за можностите и потребите за вклучување на млади луѓе во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки

**Стратегија**

- Организирање на обуки за младинско учество како за младите луѓе така и за локалните институции

**Специфична цел 2:**

- Вклучување на младинските перспективи и потреби при креирањето на програми кои што ги засегаат младите

**Стратегија**

- Лобирање кај ЕЛС за потребата од поголема вклученост на младите во процесите на креирање на програми и политики на локално ниво

**Специфична цел 3:**

- Креирање на модели за младинско учество во процесите на креирање на политики на локално ниво

**Стратегии**

- Формирање на младински совет/ форум кој што би функционирал како претставничко тело на младите на локално ниво

## Приоритет 6.6

### Волонтерство

**Цел на приоритетот:** Зголемување на знаењето и вештините на младите луѓе како и нивната конкурентност на пазарот на труд преку активно волонтирање.

**Специфична цел 1:**

- Зголемување на знаењето на младите и на институциите за волонтирањето и за можностите кои што законот за волонтерство ги нуди

**Стратегија**

- Организирање на работилници за младите и институциите каде подобро би се запознале со законската регулатива за волнтерство

**Специфична цел 2:**

- Афирмација на волнотерските книшки и креирање на нивна препознатливост како во јавниот така и во приватниот сектор

**Стратегии**

- Воспоставување на контакти со претставници од јавниот и приватниот сектор со цел нивно подобро запознавање со значењето на волонтерските книшки

**Специфична цел 3:**

- Креирање на можности за волонтирање на младите

**Стратегии**

- Искористување на Европските фондови за зголемување на знаењето, квалитетот и можностите за волонтирање.
- Воспоставување на соработка помеѓу образовните институции и институциите од јавниот, приватниот и невладиниот сектор со цел овозможување на нови можности за волонтирање
- Воспоставување соработка помеѓу НВО и локалните институции како би се обезбедиле финансиски средства од странски донатори наменети за волонтирање

## 7. Акционен план

**Приоритет 7.1:** Култура и спорт

**Цел на приоритетот:** *Подигнување на свеста кај младите за значењето на културните вредности и спортската едукација.*

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:** Поттикнување на младите таленти да се занимаваат со култура и спорт | | | | |
| **Активност 1.1:** Изготвување на програма за стипендирање на млади талентирани спортисти и уметници од Општина Тетово | Зголемена мотивација кај младите во Општина Тетово да се занимаваат со култура и спорт | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на пријавени млади луѓе<br>-Број на доделени стипендии<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Изготвени програми и процедури за доделување на стипендии | Од Јануари до Март 2011 | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.2:** Формирање на работна група за оценување на апликациите и доделување на стипендии | Транспарентно доделени стипендии | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на членови вклучени во работната група,<br>-Број на работни состаноци на работната група<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-вклученост на сите засегнати институции во процесот | Април 2011 | ЕЛС, НВО, Спортски Клубови, Универзитети, Средни училишта |
| **Активност 1.3:** Промоција и презентација на програмата за стипендирање пред јавноста | Зголемена информираност на младите во Тетово за програмите за стипендирање | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на организирани настани за промоција<br>-Број на присутни на промотивни настани<br>-Број на статии во медиуми | Од Јануари до Септември | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Квалитативни индикатори:**<br>-зголемена заинтересираност на младите за програмите за стипендирање<br>- Присутност на програмата во локалните медиуми | 2011 | НВО |

**Приоритет 7.2:** Невработеност

**Цел на приоритетот:** *Креирање на индивудуална сигурност и независност на младите преку зголемување на вработеноста.*

| **Цели и активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:**<br>Зголемување на информираноста на младите за можностите за самовработување | | | | |
| **Активност 1.1:**<br>Организирање на информативни и едукативни настани за можностите за самовработување кои што им се на располагање на младите | Зголемена информираност на младите во Тетово за можностите за самовработување | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на организирани настани за промоција<br>-Број на присутни на промотивни настани<br>-Број на статии во медиуми<br>-број на институции вклучени во настаните<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-зголемена заинтересираност на младите за програмите за самовработување | Од Јануари до април 2011 | ЕЛС, АВ, Средни училишта, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |

**Приоритет 7.3:** Младинско информирање

**Цел на приоритетот:** *Зголемување на достапноста на информациите за можностите на кои младите можат да дејствуваат/влијаат во својата околина и општеството*

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:**<br><br>Креирање на бесплатен простор кој младите би можеле да го користат за свое информирање/огласување | | | | |
| **Активност 1.1:**<br>Организирање на координативни и консултативни состаноци помеѓу претставници на младински НВО, ЕЛС и бизнис заедницата со цел обезбедување на бесплатен простор за информирање и огласување | Воспоставена соработка помеѓу различните институции | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на остварени состаноци<br>-Број на присутни на состаноците<br>-Број на институции присутни на состаноците<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Вклученост на сите засегнати институции во процесот | Од Јануари до Март 2011 | ЕЛС, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.2:**<br>Воспоставување на WEB страна на која што младите би можеле бесплатно да се информираат/огласуваат | Зголемени можностите за огласување/информирање на младите на Општина Тетово | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на посети на web страна<br>-број поставени огласи на web страна<br>-број на регистрирани корисници на web страна<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-функционалност на web страната | Од Јануари до Мај 2011 | ЕЛС, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.3:**<br>Поставување на огласни табли на прометни места во градот на кои младите ќе можат бесплатно да се огласуваат | Зголемени можностите за огласување/информирање на младите на Општина Тетово | **Квантитативни индикатори:**<br>-број на поставени огласни табли<br>-број на огласи на огласните табли<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-начин на искористување на огласни табли | Од Јануари до Март 2011 | ЕЛС, ЈПССДП, НВО |

**Приоритет 7.4:** Младински активизам и инцијативи

**Цел на приоритетот:** *Намалување на незаинтересираноста кај младите и поттикнување на нивната самоиницијативност.*

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:** Укажување на младите за можностите за давање на младински придонес во општеството преку активизам и иницијативи | | | | |
| **Активност 1.1:** Организирање на презентации за претставување на добри практики и успешни приказни на млади луѓе | Зголемена мотивацијата кај младите луѓе за активизам и иницијативи | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на организирани работилници<br>-Број на присутни на работилници<br>-Број на статии во медиуми<br>-број на успешни млади луѓе вклучени во раотилниците<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-зголемен бројот на младински активности и иницијативи | Февруари до Јуни 2011 и Октомври до Декември 2011 | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.2:** Формирање на работна група за изготвување на АП за импелментација на ЛМС во 2012 | Приготвен АП за 2012 | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на членови вклучени во работната група,<br>-Број на работни состаноци на работната група<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-вклученост на сите засегнати институции во процесот<br>-континуирана импементацијата на ЛМС во Тетово | Септември до Ноември 2011 | ЕЛС, НВО, Универзитети, Средни училишта, политички подмладоци |

**Приоритет 7.5:** Младинско учество

**Цел на приоритетот:** *Поголема вклученост на младите во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки на локално ниво, за прашања кои директно и индиректно ги засегаат младите.*

| **Цели и активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:** Зголемено знаење и свест кај младите луѓе за можностите и потребите за вклучување во процесите на креирање политики и донесување на одлуки | | | | |
| **Активност 1.1:** Организирање на обуки за младинско учество како за младите луѓе така и за претставници од локалните институции | Зголемено знаењето за потребата од младинско учество | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на организирани обуки<br>-Број на присутни на обуки<br>-Број на статии во медиуми<br>-број на институции вклучени во обуките<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-зголемена вклученост на младите во процесите на креирање политики и донесување на одлуки на локално ниво | Февруари до Јуни 2011 и Октомври до Декември 2011 | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, НВО |
| **Активност 1.2:** Воспоставување на сектор Млади во рамките на Општина Тетово | Креиран инструмент за имплементација на младински програми во ЕЛС | **Квантитативни индикатори:**<br>-број на обработени случаи од страна на сектор млади<br>-број на вработени во сектор млади<br>-број на активности на сектор млади<br>**Квалитативни индикатори:**<br>**-**подобрена комуникација помеѓу младите и ЕЛС<br>-зголемена ефективност при реализација на младински активности | Јануари до Јуни 2011 | ЕЛС |

**Приоритет 7.6:** Волонтерство

**Цел на приоритетот:** *Зголемување на знаењето и вештините на младите луѓе како и нивната конкурентност на пазарот на труд преку активно волонтирање.*

| **Цели и активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:**<br>Афирмација на волонтерските книшки и креирање на нивна препознатливост како во јавниот така и во приватниот сектор | | | | |
| **Активност 1.1:**<br>Организирање на координативни и консултативни состаноци помеѓу претставници на младински НВО, ЕЛС и бизнис заедницата со цел нивно запознавање со значењето на волонтерството и волонтерските книшки | воспоставена соработка помеѓу различните институции | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на остварени состаноци<br>-Број на присутни на состаноците<br>-број на институции присутни на состаноците<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-вклучени се сите засегнати институции во процесот | Од Јануари до Март 2011 | ЕЛС, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.2:**<br>Организирање на презентации за промоција на волонтерството и волонтерските книшки | Подигнување на свеста кај младите за значењето на волонтерството и волонтерските книшки | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на организирани презентации<br>-Број на присутни на презентации<br>-Број на статии во медиуми<br>-број на институции вклучени во презентациите<br>-број на претставници на бизнис секторот на презентациите<br>**Квалитативни индикатори:**<br>-зголемена препознатливост на волонтерските книшки | Март до Јуни 2011 и Октомври до Декември 2011 | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, НВО, бизнис сектор, јавни претпријатија и институции |

## 8. Процес на Мониторинг и Евалуација

Само доколку се спроведат активностите предвидени во стратегијата може да се постигнат целите на истата а со тоа да се подобри животот и животниот стандард на младите во Општина Тетово. Со цел да може успешно да се имплементира стратегијата како и да се следи нејзината имплементација следниве неколку работи се од клучно значење:

### 8.1. Именување на службеник/референт за младински прашања во ЕЛС, отварање на сектор млади

Сосема е логично систематското адресирање на младите во една локална заедница, да бара и именување на службеник/референт или служба која би се занимавала исклучиво со младински прашања. Впечатливо е дека по она што би требало да го работи овој службеник или служба, ова работно место бара движење, контакти и врски. Тој/ таа треба да биде, и е врска помеѓу младите и локалните власти.[2]

### 8.2. Буџет за млади

За да една ЕЛС може да споровере ЛМС и да ги реализира активностите кои се планирани, таа мора да располага со буџетски средства за таа намена. Затоа на седницата на Советот на Општинтата, потребно е да се предвиди висината на тие средства, како и начинот на нивно распределување. Овие средства, воедно, можат да бидат доделени и на конкурс на оние НВОи или локални институции кои спроведуваат зацртан план на активности, или низ генерална поддршка за развој на младински иницијативи и младински организации во заедницата – преку конкретни проекти.[3]

### 8.3 Формирање на градско тело за следење на ЛМС

Според воспоставувањето на позицијата на локален службеник за млади кој генерално ќе се занимава со спроведување на градската политика за млади неопходно е и формирање на градско меѓу – ресорно тело кое ќе го следи квалитетот на тоа спроведување. Потребно е да се вклучат сите организации и институции кои се активни во локалните заедници за приоритетите кои ги третира ЛМС како на пример: култура и спорт, невработеност, младинско информирање, младински активизам и иницијативи, младинско учество и волонтерство.

Една од можностите е да се формира Комисија за Млади како посотјано тело на општината, која ја сочинуваат млади советници и претставници на НВОи. Комисијата би имала задача да се грижи за примената на прописите кои се однесуваат на младите, да разгледува прашања во надлежност на општината кои се однесуваат на состојбата и улогата на младите луѓе во сите области на животот и работата, учествуваат во подготовката и донесувањето на општински акти кои придонесуваат за решавање на проблемите на младите, остваруваат соработка со здруженија и други организации кои се занимаваат со младински прашања.

[2] Иваноска Крстевска, Маја и Гајтановски, Томислав и Марковска, Елизабета и Илиески, Зоран и Нашоковска, Марија и Спасеновски, Димитар. "Прирачник за креирање на локални младински стратегии". Прилеп: Коалиција на младински организации СЕГА, Март 2010, стр. 34

[3] Ибид, стр. 35

Работата на ова тело би довело до воспоставување на подобра комуникација на релација ЕЛС – млади, едукација на младинските тела, а младите би покажале големо ангажирање во процесот на креирање на буџетот за млади преку давање предлози за висината на буџетските средства.[4]

## 9. Листа на членови на работната група и координативното тело

Координативно тело:

| | **Име и презиме** | **Претставник на/ предложен од** |
|---|---|---|
| 1. | Дамир Незири | Координатор на проектот/ член по функција |
| 2. | Назми Даути | Претставник на Општинска администрација |
| 3. | Сретен Коцески | Претставник на НВО сектор |
| 4. | Вулнет Зенки | Претставник на НВО сектор |
| 5. | Зоран Митревски | Член на Советот на Општина Тетово |

Работна група:

| | **Име и презиме** | **Претставник на/ предложен од** |
|---|---|---|
| 1. | Дамир Незири | Координатор на проектот/ член по фунција |
| 2. | Илберта Исени | Администрација на Општина Тетово |
| 3. | Љумтурие Љума | Администрација на Општина Тетово |
| 4. | Ивана Копривњак | Средношколец |
| 5. | Игор Ѓорѓевски | Студент |
| 6. | Томислав Јованоски | Постдипломец/ Правник |
| 7. | Маја Ѓорѓевска | Претставник од НВО |
| 8. | Пранвера Имери | Претставник од НВО |
| 9. | Маја Петровска | Претставник од НВО |
| 9. | Славчо Србиноски | Државна Администрација |
| 10. | Александар Карапетров | Политички подмладок |

[4] Ибид, стр.36